# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 9/2021 Пробиштип 23.08.2021 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.53 одржана на ден 19.08.2021 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за давање согласност на извештај за работа на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01.до 30.06.2021 бр. 26-854/3,
2. Одлука за давање согласност на финансиски извештај на ЈКП Никола Карев Пробиштип за период од 01.01.до 30.06.2021 бр. 26-854/4,
3. Одлука за усвојување на финансиски извештај за извршување на буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.до 30.06.2021 бр. 26-854/5,
4. Одлука за усвојување на годишна програма за работа на ООУ Браќа Миладиновци Пробиштип за учебната 2021/2022 бр. 26-854/6,
5. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2020/2021 бр. 26-854/7,
6. Одлука за усвојување на годишна програма за работа на ООУ Никола Карев Пробиштип за учебната 2021/2022 бр. 26-854/8,
7. Одлука за усвојување на годишна годишен извештај за работа на ЈО УДГ Гоце Делчев Пробиштип за учебната 2020/2021 бр. 26-854/9,
8. Одлука за усвојување на годишна годишна програма за работа на ЈО УДГ Гоце Делчев Пробиштип за учебната 2021/2022 бр. 26-854/10,
9. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ЈО УДГ Гоце Делчев Пробиштип за 2022 година бр. 26-854/11,
10. Одлука за за утврдување на работно време во ЈО УДГ Гоце Делчев Пробиштип за 2022 година бр. 26-854/12,
11. Одлука за давање согласност на годишен план за вработување на ОУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип за 2022 година бр. 26-854/13,

12. Одлука за утврдување на места за истакнување на изборни плакати бр. 26-854/15,
13. Одлука за резервирани средства за непотполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип за 2021 година бр. 26-854/16,
14. Одлука за утврдување на нацрт верзија на измени и дополнувања на ДУп за Урбан блок 11 Урбан модул 4 бр. 26-854/17,
15. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП Никола Карев Пробиштип за 2022 година бр. 26-854/18,

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-854/20 ОПШТИНА ПРОБИШТИП
23.08.2021 година ГРАДОНАЧАЛНИК,
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 19.08.2021 година, расправајќи по Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за првото полугодие од 2021 година бр.01-673/1 од 19.07.2021 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2021 до 30.06.2021 година**

Член 1

Се дава согласност на Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 2021 до 30.06.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2021 до 30.06.2021 година бр.01-673/1 од 19.07.2021 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-854/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13 и 41/014, 138/14, 25/15, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 19.08.2021 година, расправајќи по Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01.2021 до 30.06.2021 година бр.05-672/1 од 19.07.2021 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на финансиски извештај на**
**ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01.2021 до 30.06.2021 година**

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот извештај на ЈКП „ Никола Карев “ Пробиштип за период од 01.01.2021 до 30.06.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот извештај на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип за период од 01.01.2021 до 30.06.2021 година бр.05-672/1 од 19.07.2021 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-854/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21 ) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следнат:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2021 до 30.06.2021 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Финансиски извештај за реализација на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01.2021 до 30.06.2021 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што е дадено во извештајот.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-854/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 49 став 8 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година бр. 01-446/1 од 12.08.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година бр. 01-446/1 од 12.08.2021 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-854/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019 и 229/2020),

Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишниот извештај за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2020/2021 година, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2020/2021 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештајот за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2020/2021 година бр.01-331/1 од 13.08.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишниот извештајот за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2020/2021 година бр.01-331/1 од 13.08.2021 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-854/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 49 став 8 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Гошишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година, а по предлог на Комисијата за општествени дејности, на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година бр.01-332/1 од 13.08.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година бр.01-332/1 од 13.08.2021 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-854/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 117 став 1 алинеа 2 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишниот извештај за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2020/2021 година, бр. 01-137/1 од 13.08.2021 на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**за усвојување на Годишниот Извештај за работа на ЈОУГД „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2020/2021 година**

Член 1

Се усвојува Годишниот извештајот за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2020/2021 година бр. 01-137/1 од 13.08.2021.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештајот за работа на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2020/2021 година бр. 01-137/1 од 13.08.2021.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Оштина Пробиштип.

Број 26-854/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа член 21 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 6 од Законот за Локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 117 став 1 алинеа 2 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Годишната програмата за работа на Јавната општинска установа за деца Детска Градинка „Гоце Делчев“ за учебната 2021/2022 година, на седницата одржана на ден 19.08.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Годишната програмата за работа на ЈОУГД „Гоце Делчев“ од Пробиштип за учебната 2021/2022 година**

Член 1

Се усвојува Годишната програмата за работа на Јавната општинска установа за деца Детска Градинка „Гоце Делчев“ за учебната 2021/2022 година бр. 01-138/1 од 13.08.2021 година.

Член 2

Составен дел на одлука е Годишната програмата за работа на Јавната општинска установа за деца Детска Градинка „Гоце Делчев“ за учебната 2021/2022 година бр. 01-138/1 од 13.08.2021 година.

Член 3

Одлката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-854/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За давање согласност на годишен план за вработување на ЈО УДГ Гоце Делчев Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на Јавната Општинска установа Детска градина „Гоце Делчев„ Пробиштип за 2022 година бр. 01-127/1 од 27.07.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на Јавната Општинска установа Детска градина „Гоце Делчев„ Пробиштип за 2022 година бр. 01-127/1 од 27.07.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-854/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019) а во врска со член 67 став 6 од Закон за заштита на децата Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 19.08.2021 година, постапувајки по барањето од ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип бр. 03-143/1 од 13.08.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За утврдување на работно време во ЈОУ Детска градинка Гоце Делчев Пробиштип**

Член 1

Се утврдува работното време во ЈОУ Детска Градинка Гоце Делчев Пробиштип со утврдување на почеток и завршеток на работното време по објекти во рамките на 40 часовна работна недела на вработените и тоа:

1. Објект Цветови Пробиштип од 06.00 до 17.00 часот,
2. Објект Срничка Пробиштип од 06.00 до 17.00 часот,
3. Објект Изворче Злетово од 06.00 до 17.00 часот,
4. Објект Детелинка Пробиштип од 06.00 до 17.00 часот и
5. Посебни просторни услови с.Ратавици од 07.30 до 10.30 часот.

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-854/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на**
**ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2022 година бр. 04-140/1 од 11.08.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип за 2022 година бр. 04-140/1 од 11.08.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-854/13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 78, став 1 од Изборен законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20 и 74/21) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019), а на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на места за истакнување на изборни плакати**
**на територијата на општина Пробиштип**

**Член 1**

На територијата на општина Пробиштип за истакнување на Изборни плакати без надоместок во текот на изборната кампања се утврдуваат следните места:

1. Во градот Пробиштип
   -На потпорниот ѕид на ул. „Јаким Стојковски” под Здравствениот дом ,
   -На потпорниот ѕид на спојката на ул.„Миро Барага” со ул.„Јордан Стојанов”,
2. Во с.Добрево- на потпорните ѕидови,
3. Во Злетово
   -Потпорните ѕидови над и под пазарот,
   -На ѕидовите на поранешната зграда на „Црн врв”
4. Во с.Лесново - на потпорните ѕидови кај м.в. Борја,
5. Во селата каде нема утврдено објекти за истакнување на изборни плакати без надоместок, плакати може да се истакнуваат на столбовите од уличното осветлување кои се во сопственост на општината.

**Член 2**

На објектите утврдени во членот 1 од оваа Одлука се забранува испишување на графити, а лепењето на плакатите да се врши со лепила кои не оставаат трага на објектите.

**Член 3**

Големината на просторот за истакнување на изборни плакати ќе биде подеднакво утврдена за сите подносители на листи, а општината ќе ги одбележи местата за секој подносител на листи одделно.

**Член 4**

Организаторот на изборна кампања, кој со истакнувањето на изборните плакати ќе предизвика материјална штета на објектите определени за таа намена, должен е истата да ја надомести.

По завршување на изборите се задолжуваат субјектите од ставот 1 на овој член да ги отстранат изборните плакати и да го расчистат сметот од нив, во рок од 30 дена, во спротивно овластен орган ќе поведе прекршочна постапка во согласност со закон.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип

Број 26-854/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
19.08.2021 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) , член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/05, 25/14, 29/15 и 23/19) и член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/2015, 23/2016 и 178/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 19.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За резервирани средства за непотполна експропријација во буџетот на општина Пробиштип за 2021 година**

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат средства за непотполна експропријација на градежно земјиште за изградба на атмосферска канализација на дел од Ул.Македонски Револуционери во Пробиштип во сопственост на физички лица предвидени со Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени, за времена експропријација, Деловоден бр. 187-21/4 од 28.07.2021 година на Друштвото за геодетски работи Гео-Сигма Груп дооел Штип .

Средствата за експропријација се резервирани во буџетската програма ЕА – Капитални трошоци на општина Пробиштип за 2021 година на контото 485420-Надомест за одземен имот во вкупен износ од 700.000 денари.

Член 2

Надоместокот за одземениот недвижен имот ќе се врши по цена утврдена со Извештајот од извршена проценка на пазарната вредност на недвижен имот изготвен од страна на овластен проценител .

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавување во Службен гласник на општина Пробиштип .

| | |
|---|---|
| Број 26-854/16 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП |
| 19.08.2021 година | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| Пробиштип | Љупчо Благоевски с.р. |

---

Врз основа на член 27 став (5), а во врска со став (3) и (4) од истиот член, од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 год.) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Пробиштип („Службен гласник" на Општина Пробиштип бр. 04/05, 25/14, 29/15 и 23/19), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт план за измена и дополна на Детален урбанистички план (ДУП) за Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**

**Член 1**

Со оваа Одлука **се утврдува Нацрт план за измена и дополна на Детален урбанистички план за Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, по претходно добиеното Стручно мислење од Комисијата за урбанизам, формирана од Градоначалникот на Општина Пробиштип, со Решение Бр. 08 – 394/1 од 30.03.2021 год.

Границата на конкретниот плански опфат е опфатена со важечка планска документација односно дефинирана е со усвоениот ГУП за град Пробиштип со плански период за 1995-2005 (Одлука Бр.08-335/2 од 03.07.1997г.) и со границите на соседните блокови:

- **На север со Урбан Блок 15.2**
- **На исток со Урбан Блок 10.3**
- **На југ со Урбан Блок 11.1**
- **На запад со Урбан Блок 14.2 и 15.3**

Според ДУП за Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, вкупната површина на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **П=5,13 Ха**.

**Нацрт планот за измена и дополна на Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 11, Урбан Модул 4, КО Пробиштип, Општина Пробиштип**, со Тех.Број 23/2021 од Јули 2021, за плански период 2021-2026, е изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија **„ИН-ПУМА“ Скопје.**

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со објавувањето во „Службен гласник” на Општина Пробиштип.

Број 26-854/17
19.08.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 5 став 2и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2016, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/2019 и 14/2020), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 19.08.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на годишен план за вработување на ЈКП Никола Карев од Пробиштип за 2022 година**

Член 1

Се дава согласност на годишниот план за вработување на Јавното комунално претпријатие Никола Карев од Пробиштип за 2022 година бр. 01-756/1 од 16.08.2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е годишниот план за вработување на Јавното комунално претпријатие Никола Карев од Пробиштип за 2022 година бр. 01-756/1 од 16.08.2021 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општна Пробиштип

Број 26-854/18
19.08.2021 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.